Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 5/02) и член 26 од Статутот на Општината Центар – Скопје (Службен гласник на Општина Центар број 1/06), Советот на Општината Центар на 41-та седница одржана на 29.12.2010 година, донесе

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинска администрација на Општината Центар – Скопје

### Член 1

Во член 13 став 1 од Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Центар – Скопје број 07-386/10 од 09.03.2009 година и број 07-817/10 од 10.03.2010 година, алинејата 3 се брише.

### Член 2

Во член 15 став 1 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

- Одделение за информатичко-технички работи.

### Член 3

Во член 22 став 1 алинејата 4 се брише.

### Член 4

По член 24 поднасловот „В" Одделението за информатичко-технички работи се брише.
Член 25 се брише.

### Член 5

Во член 32 став 1 се додава нова алинеја 5 која гласи:

- Врши информатичко технички работи.

## Член 6

По член 34 се додава поднаслов „В" кој гласи:

- Одделение за информатичко-технички работи.

По член 34 се додава нов член 34-а кој гласи:
Одделнието за информатичко-технички работи предлага и реализира план за воведување информатички систем во Општината, го организира, одржува и унапредува информатичкиот систем на Општината, организира обука на службениците во општинската администрација за примена на информатичко-комуникациска технологија, ги следи искуствата и напредокот на информатичките технологии заради примена во општинскиот информатички систем, ја води базата на податоци за информатичко комуникациската опрема, се грижи за лиценците, гаранциите и сервисирањето, ја организира и ажурира веб-страницата на Општината, и врши други работи што ќе му ги довери градоначалникот.

## Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар", а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници.

Број 07-4297/12
29.12.2010 г.
С к о п ј е

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Владимир Здравев,с.р.